Џеклин Вилсон

# Дијамантски девојки

ikona

# 1




„Девојки, имам изненадување за вас,“ рече мама. „Се селиме“.

Сите зјапавме во неа. Таа се нишаше во својот стол, со влечките потпрена на кујнската маса меѓу чиниите со корнфлекс, а стомакот ѝ беше испупчен преку здолништето како огромен балон. Таа не изгледаше дека е способна да се помести подалеку од влезната врата. Нејзините стари крзнени влечки едвај ја издржуваа нејзината тежина. Можеби ѝ беше потребен малку топол воздух под неа за нежно да се крене нагоре и да одлета низ отворениот прозорец.

„Престани да зјапаш во мојот стомак, Дикси,“ викна мама.

„Како да *не* гледа?“ рече Џуд. „Одвратен е“.

„Ау, бљак, се *помрднува*!“ крикна Рошел.

Мама си ги стави рацете на мешето и го галеше малото топче што се мрдаше под нејзиниот папок. Се надевав дека нема да мрда до толку. Папокот на мама изгледаше како да ќе пукне, како тапа.

Порано мислев дека така се раѓаат бебињата. Тоа

беше многу чудно. Вистинското објаснување изгледа полошо. Сигурна сум дека не сакам да имам бебе, никогаш.

„Денеска многу ме клоца“ рече мама, гордо. „Ќе биде вистински фудбалер. Зарем не, бебе Дејвид Бекам?“

Таа ја наведна главата над натечениот стомак како да чекаше одговор. „*Да, мамичке*!“ рече таа со тенок, бебешки глас.

„Мамо, ти си полудела,“ рече Џуд. „Откачи уште кога разбра дека бебето е машко. Што е толку посебно кај *момчињата*?“ Џуд наеднаш ги рашири рацете, како да сакаше да го тресне секое момче по глава само затоа што е машко.

„Внимавај,“ рече Мартина и ја тргна својата шолја чај подалеку од Џуд. „Мамо, ти, всушност, што сакаше да кажеш? Ние не сакаме повеќе да се селиме. Изигрувавме птици преселници низ целиот комплекс Блечворт“.

Почнавме во Јужниот Блок. Таму се преселивме кога се испразни еден трособен стан, но потоа мама се скара со луѓето под нас. Се преселивме на приземје во Северниот Блок, но таму имаше толку влага што цела зима ја поминавме со опасни настинки и кашлица, па се преселивме на најгорниот кат. Не беше добра идеја да живееме токму под покривот. Секогаш кога врнеше, Џуд и јас моравме да се стискаме во собата на мама зашто кај нас многу протекуваше од покривот. Од општината никогаш не дојдоа да го поправат, без разлика на тоа колку пати им се јавивме.

И покрај тоа, ни се допаѓаше што живеевме таму.

На Мартина ѝ се допаѓаше да живее на најгорниот

кат зашто нејзиното момче Тони живееше веднаш до нас, во станот број 113. Мартина е најстарата од нас, девојките Дајмонд. Таа има само шеснаесет години. Таа вели дека веќе е возрасна и оти може да прави што сака. Таа изгледа исто како мајка ми, но многу се труди тоа да не биде така. Таа ја има прекрасната густа црна коса на мама, но Мартина ја бојадисува руса. Мама сака да носи куси здолништа, па Мартина носи спуштени фармерки така што кога ќе се наведне може да ѝ се види тангата.

На Џуд ѝ се допаѓаше тоа што живевме на најгорниот кат, зашто знаше една тајна вратичка за на покривот. Таа тврдеше дека тоа е нејзина, приватна, територија. Многу момчиња од нашиот блок сакаа да се качат таму, но Џуд не ги пушташе. Таа ги вртка момчињата како што сака, иако е ситна и има само четиринаесет години. Таа можеби е мала, но е набиена и многу многу цврста. Џуд ме бара со погледот и ги смачкува оние што ме задеваат. Не би требало да имаме омилени членови од нашето семејство, но ако можев да имам омилена сестра, тогаш тоа дефинитивно ќе беше Џуд.

На Рошел ѝ се допаѓаше што живееме на најгорниот кат зашто Мартина одеше кај Тони толку често што нивната соба остануваше само за неа. Таа можеше да скока наоколу и да се преправа дека е поп-пејачка, со четката за коса наместо микрофон, гледајќи се на огледалото на шифоњерот. Таа постојано се гледа во огледало. Претпоставувам дека и јас ќе сакав да се гледам во огледало ако изгледав како Рошел. Таа има само дванаесет години, но се труди да изгледа многу постара. Таа е многу убава, со долга виткана руса коса, срцевидно лице

и розови испакнати усни како некое слатко бонбонче. Освен тоа, нема ништо друго слатко кај неа. Поголемиот дел од времето едноставно не можам да ја поднесам мојата сестра Рошел.

Мене ми се допаѓаше што живееме на најгорниот кат зашто можев да зјапам преку прозорецот и да се преправам дека сум Блубел и дека летам над покривите, високо над кулите, над океанот, преку целиот свет до родното место на Блубел во Австралија. Знаев дека оттаму потекнуваат вистинските папагалчиња. Кога ќе ја притиснев Блубел да зборува таа секогаш почнуваше со „Ден, Дикси". Сепак, ако непристојно погледнете во задникот на Блубел, таа има една мала бела етикета на која пишува „MADE IN CHINA". Таа не зборуваше кинески, но јас понекогаш наоѓав фрлена амбалажа од кинеска храна од кантите за ѓубре, а Блубел со задоволство го пикаше клунот.

Блубел ја сместив во ракавот од мојот џемпер. Повеќе не се шетав наоколу со неа закачена на мојот прст, дури ни дома, зашто сите ме гледаа како да сум луда. Ја напикав во мојот ракав, како да е хартиено марамче. Одвреме навреме ја погалував по пердувите. Морам сега да ја погалам зашто Мартина и Џуд и Рошел многу викаат, а јас знам дека тоа ѝ пречи.

„Мамо, сакаме да останеме овде, ОК?" рече Џуд и ја испрчи брадата. „Северниот блок е најдобар. Јужниот блок не чини. Средниот блок *исто така*. Северниот блок е *мојата територија*".

„Мојата соба е баш таква каква што сакам да биде," рече Рошел. „Мамо, не е фер - ти никогаш не помислуваш на нас".

„Не може да го напуштиме овој стан, не сега кога Тони помогна да го направиме толку тренди," рече Мартина. Тој само ѝ помогна да ја бојадисаат нејзината и собата на Рошел, но таа се однесуваше како тој да направил *Комплетно реновирање*. „Никогаш нема да најдеме олку добар стан, не во овој комплекс".

„Во право си," рече мама. Таа ги спушти нозете на подот и си ги масираше големите сини вени. Потоа се исправи на столот колку што можеше и ги прекрсти рацете преку големите гради. Така нѐ погледна што сите замолчевме, дури и Џуд.

„Нема да бараме подобар стан во оваа населба, ОК? Се селиме, како што реков. Се е испланирано, во сите мои ѕвездени карти. Секојпат кога ќе ги прочитам тарот-картите се појавува тркалото на среќата и симболизира нов почеток. Мора да дејствуваме. Тоа е нашата судбина".

„Ти и твоето глупаво предвидување на судбината, мамо. Како некоја циганка си. Мојата судбина е токму тука," рече Мартина.

„Овде има многу лоши вибрации," рече мама, се подмести на столот и заштитнички се погали по мешето.

„Да, а кој е виновен за тоа?" рече Џуд. „Зошто мораше повторно да забремениш?"

„Мила, не можам против судбината. Запишано е во ѕвездите". Мама погледна нагоре, како Млечниот Пат да светеше преку таванот од нашата кујна.

„На училиште работевме проект за ѕвездите. И за планетите и за нивните малечки месечини. Моравме да ги нацртаме, но мојот шестар беше расипан, па моите излегоа целите искривени," реков јас.

„И јас работев на тој проект кога бев во основно училиште. Добив петка," рече Рошел.

„Зошто секогаш мора да се фалиш, Рошел?" реков јас. „Кому му е грижа за твоите глупави петки?"

Мене ми беше грижа. Ужасно не беше фер што Рошел е толку убава *и* толку паметна. Џуд не беше убава, но беше многу паметна, иако не се трудеше премногу на училиште. Мартина беше убава, но не ја биваше за учење и едвај чекаше да заврши.

Јас бев обична и многу луѓе мислеа дека сум глупава.

„Долу копјата, девојки. Сега слушајте. Ќе почнеме од почеток. Ја напуштаме оваа стара дупка, сите заедно".

„Не, не ја напуштаме," рече Џуд, прекрстувајќи ги рацете. „Не можеш да не натераш".

„О, да, се селиме," рече мама и климна со главата кон писмото што беше пред неа.

Ние мислевме дека тоа е само уште една сметка или некое глупаво писмо од социјалното. Не обрнавме внимание додека мама го читаше, иако јас се прашував зошто не го згужва и не го фрли во корпата.

Мартина го грабна писмото. „Комплексот Планет?" прочита таа.

„Зарем не е совршено?" рече мама. „Гледаш, Џуд, судбина".

„О, Боже, па ова не е ниту во Лондон! Не може да одиме таму. Како ќе се гледам со Тони?"

„Мислам дека ти и премногу го гледаш тој Тони, ако мора да знаеш," рече мама. „Премногу си млада за сериозна врска".

„О, прекрасно, ти најде да зборуваш! Ти си ме родила кога си имала - колку, шеснаесет?"

„Токму тоа и ми е поентата, знам за што ти зборувам“.

„Нѐ тераш да се селиме на некое чудно место, во некоја Недојдија само за да нѐ разделиш мене и Тони?“ извика Мартина, на раб да заплаче.

„О, до Бога, престани да глумиш! Целиот свет не се врти само околу тебе и твоето момче. Ова го правам за сите нас. Потребно ни е поголемо место, сега кога ќе добиете мало братче“. Мама си го погали стомакот.

Тоа го кажа како сите да молевме да ни роди брат. Сите бевме збунети и засрамени кога ни кажа дека повторно е бремена.

„Не можеш да *добиеш* нешто поголемо од трособен стан, не од општинските,“ рече Џуд.

„Ѕидот од мојата соба си го направив како огромен поп-колаж. Ќе се уништи ако треба сѐ да извадам,“ рече Рошел.

„Ќе си направиш нов. Ќе имаш повеќе простор. Се селиме во *куќа*,“ рече мама. „Вистинска семејна куќа со наша градина“.

На сите ни застана срцето, додека слушавме. Јас ја стиснав Блубел.

„Ќе може да чуваме миленичиња?“ прашав јас.

„Да, Дикси“.

„Вистински?“ Птици?“ Пред очи ми се појави зелена градина со дрвја и црвени и виолетови папагали и жолти канаринци и плави папагалчиња кои слободно летаа, цивкаа и пееја. Блубел се помрдна, во обид да ги истегне залепените пердуви.

„Добро, ако ти чуваш птица, јас ќе чувам голема бушава мачка,“ рече Рошел. „Ќе имам *куп* од оние персиски мачки со бело крзно. Ќе ги викам Снешка

и Шеќерче и Сладолед и Белка“. Фантомски мачки, големи и бели како поларни мечки се шетаа низ мојата градина, се качуваа по дрвјата, ги напаѓаа моите беспомошни птици шарени во боите на виножитото.

Џуд ме виде како си го стискам ракавот. „А *јас* ќе земам голем ротвајлер и тој ќе ги смачка тие неподносливи мачки со еден удар на неговите големи шепи. Потоа ќе му ставам околувратник и тој ќе биде нашето куче чувар и секогаш ќе се грижи за тебе, Дикси,“ рече Џуд.

„Што зборувате?“ рече Мартина, сè уште во солзи.

„Ова се глупости - кучиња и мачки и некакви папагалчиња. Ова не е *игра*. Не може да се селиме. Јас *нема* да се селам!“

„Да, ќе се селиш,“ рече мама. „Престанете да ми викате! Не сакам да ми се покачи притисокот, не е добро за бебето“.

„Тоа *проклето* бебе,“ рече Мартина. Таа изнакажа толку многу пцости што сите потскокнавме.

„Престани!“ рече мама. „Нема да го трпам ова, слушаш? Знам дека си вознемирена поради Тони. Сигурно не го мислиш тоа за твојот кутар мал брат“.

„Да, го мислам!“ вресна Мартина. „Многу си себична, мамо. Се однесуваш како ниту една од нас да не е важна. Толку си опседната со таа желба за глупаво машко дете што ги уништуваш нашите животи. Треба да слушнеш што велат за нас во соседството - што велат за *тебе*“.

„Па, нема да мора да слушам, зашто ќе се преселиме. Можете да ме пцуете колку што сакате, но веќе сè е решено и потпишано, сосем официјално,“

рече мама, го прибра писмото и го удри од масата. По грешка си го удри зглобот и нервозно почна да го трие. „Ау! Видете што направив заради вас“.

„Баш убаво!“ викна Мартина и протестно ја напушти собата трескајќи ја влезната врата.

„Како да ми е важно што велат за мене оние здодевни бабишта,“ рече мама и испи голтка од нејзиниот чај. „Како и да е, што велат *всушност* тие?“

Ги погледнав Џуд и Рошел. Рошел ја отвори нејзината голема уста, но Џуд бргу ја поттурна.

„И, овој комплекс Планет...“ рече Џуд за да ѝ го одвлече вниманието на мама. „Од каде слушна за него?“

Луѓето постојано зборуваат за неа, но ние не ѝ кажуваме на мама, дури и кога сме ѝ лути.

„Отидов во општината за да им кажам за бебето, сакав замена, а една девојка чепкаше нешто во компјутерот и во моментот кога го спомена комплексот Планет нешто ме стегна во градите - “

„Гасови,“ рече Џуд.

„*Претчувство*! Едноставно знаев дека тоа е местото за нас, особено кога таа рече дека сите шест блока имаат улици со куќи со градини, за големи семејства“.

Рошел броеше на прсти. „Шест блока? Има *девет* планети - се сеќавам кога ги учевме на училиште“.

„Да, подобро е да тргнете за на училиште, веќе многу доцните,“ рече мама.

„Нема поента да одиме, зарем не? Ако веќе се селиме,“ рече Џуд.

„Ти и онака бегаш половина од времето, ти лошо девојче,“ рече мама. „Тогаш, може да бидете корис-

ни, да појдете до Теско и да донесете картонски кутии колку што може да носите. Ќе ни требаат за да се спакуваме“.

„*Јас* одам на училиште,“ рече Рошел. „Ќе им кажам на моите другари дека се селиме. Мамо, навистина ли ќе живееме во вистинска куќа со градина? Може ли да имам своја соба? Не е фер што постојано морам да ја делам собата“.

Сите *делиме*. Прво се поделивме Мартина и Џуд, а јас со Рошел, но не одеше. Подобра комбинација е Мартина со Рошел, а Џуд со мене. Но, би било најдобро секоја од нас да има своја соба.

„Може ли и јас да имам своја соба, мамо? Сите ние?“ прашав јас.

„Ќе видиме, мила. Можеби. Не знам точно колку соби има, или колку се големи“.

„Јас ја земам најголемата соба,“ рече Рошел.

„Не, не, најголемата мора да биде за мене и за бебето. Си мислев да подигнам уште еден кредит. Ги мразам оние евтини глупости од втора рака. Кој сака лепливи стари работи за своето мало момче, а? Видов една лулка со слатко сино мече на неа - “

Мама почна уште еден од нејзините бебешки монолози. Таа ќе зборува за каталогот на Мадеркер наредните десет минути. Џуд се прозевна, си тури уште една чинија корнфлекс и отиде да гледа епизода со нејзината *Бафи* на телевизија. Таа ја развлече училишната вратоврска, ги засука ракавите и ги шутна чевлите.

Рошел наметливо ја спакува училишната чанта, глумејќи дека е мало добро девојче.

Јас сè уште се обидував да мислам на деветте планети. Не бев многу сконцентрирана кога ги учевме